ПРАКСИС
Број на Службен весник:92/2016
Датум на објава на Службен весник:11.05.2016
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 38 став 7 од Законот за земјоделското земјиште (“Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРАВОТО НА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ НАУЧНИ И ДРЖАВНО ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ И СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ДОЛГОГОДИШЕН НАСАД, ОРАНЖЕРИИ ИЛИ ОБЈЕКТИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за правото на закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за потребите на јавните научни и државно образовни институции од областа на земјоделството, за потребите на казнено- поправните и воспитно-поправните установи и сопствениците на долгогодишен насад, оранжерии или објекти и потребната документација (“Службен весник на Република Македонија“ бр.25/14), во насловот по зборовите “државно образовни институции од областа на земјоделството,“ се додаваат зборовите “за училиштата за средно образование основани од општината и градот Скопје од областа на земјоделството и“.

### Член 2

Во членот 1 по зборовите “државно образовни институции од областа на земјоделството,“ се додаваат зборовите “за училиштата за средно образование основани од општината и градот Скопје од областа на земјоделството и“.

### Член 3

Во членот 2 став 1 по зборовите “државно образовни институции од областа на земјоделството,“ се додаваат зборовите “за училиштата за средно образование основани од општината и градот Скопје од областа на земјоделството и “.

### Член 4

Во членот 3 став 1 во воведната реченица по зборовите “државно образовни институции од областа на земјоделството,“ се додаваат зборовите “и училиштата за средно образование основани од општината и градот Скопје од областа на земјоделството “.

### Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-3591/3 Министер за земјоделство,

| | |
|---|---|
| 5 април 2016 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | м-р Михаил Цветков, с.р. |